Врз основа на член 5 став 3, 4 и 5 од Законот за Јавни претпријатија (Сл.Весник на РМ 38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 64/18), и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 26.07.2021 година ја донесе следнава:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-316/3
26.07 2021 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# О Д Л У К А

**за усвојување на Шестмесечниот Извештајот од работењето на ЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.01.2021 до 30.06.2021 год**

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука усвојување на Шестмесечниот извештајот од работењето на ЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.01.2021 до 30.06.2021 год.

***Член 2***

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до Градоначалникот на Град Скопје и Советот на Град Скопје заради добивање на согласност и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***Член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Град Скопје.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 26.07.2021 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Славе Еленовски

J.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qytetit - Shkup

# ИЗВЕШТАЈ

## За работењето на ЈП Градски Паркинг-Скопје за перид 01.01-30.06.2021 година

# ВОВЕД

Во првиот квартал од годината, ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари позитивен финансиски резултат – добивка на износ 11.155.474,00 денари.

Приходите заклучно 30.06.2021 година изнесуваат 109.975.798,00 денари.

Расходите се на износ 98.820.324,00 денари.

Составен дел на овој Извештај е Биланс на успех и Биланс на состојба.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 30 ЈУНИ 2021 ГОДИНА

| ПРИХОДИ – кл. 7 | 2021 година | | 2020 година |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 92.563.486,00 | | 67.363.970,00 |
| | | | |
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 8.789.661,00 | | 6.395.061,00 |
| | | | |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 8.621.547,00 | | 8.963.299,00 |
| | | | |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 1.104,00 | | 37.110,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **109.975.798,00** | | **82.759.440,00** |

| РАСХОДИ – кл.4 | 2021 година | | 2020 година |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ | 4.603.561,00 | | 5.925.496,00 |
| | | | |
| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 23.012.230,00 | | 17.553.905,00 |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И | | | |
| ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ | 61.571.053,00 | | 63.428.680,00 |
| | | | |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 5.488.269,00 | | 5.637.037,00 |
| | | | |
| ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 4.012.972,00 | | 3.685.726,00 |
| ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 53.600,00 | | 0,00 |
| | | | |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 77.358,00 | | 30.470,00 |
| | | | |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 1.282,00 | | 579,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **98.820.325,00** | | **96.261.893,00** |

## *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

| *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ* | *2021 ГОДИНА* | *2020 ГОДИНА* |
|---|---|---|
| | | |
| Вкупно приходи | **109.975.798,00** | **82.759.440,00** |
| Вкупно расходи | **98.820.325,00** | **96.261.893,00** |
| | **Добивка 11.155.473,00** | **Загуба - 13.502.453,00** |

# *ПРИХОДИ*

Приходите за период 01.01- 30.06.2021 година изнесуваат 109.975.798,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 92.563.486,00 ден.
- Сектор Пајак 8.789.661,00 ден.
- Останати приходи 8.621.547,00 ден.
- Финансиски приходи 1.104,00 ден.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 2021 година | 2020 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| **1. затворени паркинзи** | 32,029,129.00 | 23,099,772.00 | 8,929,357.00 | 1.39 |
| **2.зонско паркирање** | 49,489,427.00 | 35,637,010.00 | 13,852,417.00 | 1.39 |
| **3.катна гаража-Беко** | 7,344,813.00 | 5,384,695.00 | 1,960,118.00 | 1.36 |
| **4.катна гаража-26-ти Јули** | 3,700,117.00 | 3,242,493.00 | 457,624.00 | 1.14 |
| Вкупно приходи: | **92,563,486.00** | **67,363,970.00** | **25,199,516.00** | **1.37** |

Во споредба со минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени за 25.199.516,00 денари .

Кај затворените паркинзи приходите се зголемени за 8.929.357,00 денари.

Кај зонското паркирање со исклучок на приходите остварени по пат на месечни претплати, сите други приходи - продажба на греб картички, смс паркирање како и од издавање доплатни билети бележиме зголемување на приходот. Во целина гледано кај оваа категорија во споредба со минатата година приходите се зголемиле за 13.852.417,00 денари.

Катната гаража „Беко" има реализирано приходи во висина од 7.344.813,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули" бележи приходи на износ од 3.700.117,00 денари. Во споредба со минатата година, приходите од стопанисување со катната гаража „Беко" се зголемени за 1.960.118,00 денари, додека кај катната гаража „26-ти Јули" приходите се зголемиле за 457.624,00 денари.

Катната гаража „Беко" бележи поголеми приходи во споредба со катната гаража „26-ти Јули" заради својата местоположба односно, локација во строгиот центар на градот.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2021 година | 2020 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| **1. дневен промет** | 8,782,034.00 | 6,384,323.00 | 2,397,711.00 | 1.38 |
| **2.фактурирана услуга** | 7,627.00 | 10,738.00 | -3,111.00 | 0.71 |
| Вкупно приходи : | **8,789,661.00** | **6,395,061.00** | **2,394,600.00** | **1.37** |

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 8.789.661,00,00 денари и е поголем во споредба со минатата година за 2.394.600,00 денари. Наплатени се вкупно 5.162 возила.. Во првата половина од минатата година, реализиран е приход на износ 6.395.061,00 денари односно, наплатени се 3.841 возила.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2021 година | 2020 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| **од отпишани побарувања и обврски** | 43,114.00 | 31,099.00 | 12,015.00 | 1.39 |
| **од субвенции дадени во опрема** | 8,287,875.00 | 8,478,396.00 | -190,521.00 | 0.98 |
| **од наплатени судски трошоци** | 41,403.00 | 23,843.00 | 17,560.00 | 1.74 |
| **од наплата на штети** | 177,617.00 | 245,467.00 | -67,850.00 | 0.72 |
| **од др.надомест, вонред. приходи, мин.години** | 71,538.00 | 184,494.00 | -112,956.00 | 0.39 |
| Вкупно приходи : | **8,621,547.00** | **8,963,299.00** | **-341,752.00** | **0.96** |

Заклучно 30.06.2021 година остварени се останати приходи на износ 8.621.547,00 денари. Истите произлегуваат од наплата на отпишани побарувања и обврски 43.114,00 денари; приходи од субвенции и донации дадени во опрема 8.287.875,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандарди; приходи од судски трошоци 41.403,00 денари приходи од наплата на штети 177.617,00 денари како и други приходи на износ 71.538,00 денари .
Во текот на вториот квартал од годината претпријатиeто доби субвенции од основачот за потешкотии во работењето на износ 7.500.000,00 денари и истите ги искористи за подмирување на обврска за комунална такса на износ 7.655.245,00 денари.

### *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. Заклучно месец јуни евидентирани се приходи на износ 1.104,00 денари.

# *РАСХОДИ*

Расходите заклучно 30.06.2021 година се на износ 98.820.325,00 денари.

### *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| опис | 2021 година | 2020 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење** | 116,932.00 | 116,686.00 | 246.00 | 1.00 |
| **Канц.матер.,фискал.бар код ролни, чип и греб картички** | 698,730.00 | 346,732.00 | 351,998.00 | 2.02 |
| **ел.енергија,парно** | 1,990,220.00 | 2,337,501.00 | -347,281.00 | 0.85 |
| **гориво и масло за подмачкување** | 1,244,479.00 | 934,243.00 | 310,236.00 | 1.33 |
| **Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема** | 553,200.00 | 2,190,335.00 | -1,637,135.00 | 0.25 |
| вкупно: | **4,603,561.00** | **5,925,497.00** | **-1,321,936.00** | **0.78** |

Материјалните трошоци заклучно првата половина од годината изнесуваат 4.603.561,00 денари. Оваа група на трошоци, споредена со минатат година, е помала за 1.321.936,00 денари.
Во оваа група трошоци спаѓаат: потрошни- помошни материјали и средства за чистење 116.932,00 денари, канцелариски материјали, фискални ролни и бар код хатртија, чип и

греб картички 698.730,00 денари, електрична енергија 1.990.220,00 денари, гориво 1.224.479,00 денари, инвентар, автогуми и ХТЗ опрема 553.200,00 денари.

## *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

| опис | 2021 година | 2020 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Поштенски,телефонаки услуги и интернет** | 857,184.00 | 818,496.00 | 38,688.00 | 1.05 |
| **Услуги за бележење** | 654,651.00 | 0.00 | 654,651.00 | - |
| **Услуги за тековно одржување** | 5,015,644.00 | 4,829,111.00 | 186,533.00 | 1.04 |
| **Тршоци за наем,вложување во туѓ имот** | 2,194,563.00 | 1,508,820.00 | 685,743.00 | 1.45 |
| **Комунални услуги** | 1,749,080.00 | 905,419.00 | 843,661.00 | 1.93 |
| **Останати услуги** | 416,412.00 | 340,670.00 | 75,742.00 | 1.22 |
| **Останати непроизводствени услуги** | 7,496,908.00 | 5,440,478.00 | 2,056,430.00 | 1.38 |
| **Останати услуги - времени вработувања** | 4,627,788.00 | 3,710,911.00 | 916,877.00 | 1.25 |
| вкупно: | **23,012,230.00** | **17,553,905.00** | **5,458,325.00** | **1.31** |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Евидентирани се трошоци на износ 23.012.230,00 денари односно, бележиме пораст на трошоците за 5.458.325,00 денари во споредба со 2020 година .

Во споредба со минатата година оваа година евидентиран е трошок за бележење, понатаму, како резултат на зголемениот промет на зонското паркирање зголемнени се и трошоците за администрирање на системот за зонско паркирање, бележиме поголем трошок за ѓубретарина од причина што кон крајот на минатата година односно од месец ноември имаме обврска да плаќаме ѓубретарина и за двете катни гаражи. Исто така поголеми се трошоците за тековно одржување на основните средства како и трошоци за имплементација на заштитни решетки во двете катни гаражи со цел оградување и заштита од кражби на ППЗ опремата во тие објекти и одржувањето на опремата во катните гаражи. Исто така бележиме пораст и на трошокот за времени вработувања од причина што во вториот квартал од годинаста ангажирани се повеќе лица во споредба со истиот период на минатата година .

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| опис | 2021 година | 2020 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 61,245,237.00 | 63,258,842.00 | -2,013,605.00 | 0.97 |
| **отпремнина** | 112,489.00 | 154,838.00 | -42,349.00 | 0.73 |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | 63,327.00 | 66,660.00 | -3,333.00 | 0.95 |
| **помош на вработени** | 150,000.00 | - | 150,000.00 | - |
| вкупно: | **61,571,053.00** | **63,480,340.00** | **-1,909,287.00** | **0.97** |

Трошокот за плати изнесува 61.245.237,00 ден. и е помал во споредба со минатата година за 2.013.605,00 денари .Заклучно месец јуни бројот на вработени во јавното претпријатие изнесува 259 лица. Бројот на вработени во истиот период минатата година изнесувал 265 лица. Трошокот за плати варира и како резултат на флуктуации на вработените по основ на користење боледувања, неплатени отсуства, отказ, пензионирање итн. заради што трошокот на плата соодветно се менува.

По основ заминување на вработени во пензија евидентирани се трошоци за две отпремнини на износ 112.489,00 денари. Евидентирани се надоместоците на вработените по основ јубилејна нагарада за 10 години непрекинат стаж во претпријатието. Такво право оствариле 19 (деветнаесет ) вработени за што исплатени се 63.327,00 денари со вклучен данок на личен доход. За помош на вработен за смртен случај евидентирани се трошоци на износ 150.000,00 денари.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 5.488.269,00 денари и е поголем во спредба со минатата година за 148.768,00 денари кога истиот изнесувал 5.637.037,00 денари.

## *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

| опис | 2021 година | 2020 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **др.надоместоци на вработени,обуки исл.** | 3,525.00 | 0.00 | 3,525.00 | - |
| **хонорари на управен и надзорен одбор** | 970,485.00 | 986,676.00 | -16,191.00 | 0.98 |
| **репрезентација** | 119,072.00 | 67,610.00 | 51,462.00 | 1.76 |
| **трошоци за осигурување** | 288,174.00 | 596,849.00 | -308,675.00 | 0.48 |
| **банкарски провизии** | 220,360.00 | 182,957.00 | 37,403.00 | 1.20 |
| **трош за ДДВ,чланарини и адм.такси** | 1,291,846.00 | 1,237,628.00 | 54,218.00 | 1.04 |
| **користење права** | 311,825.00 | 77,053.00 | 234,772.00 | 4.05 |
| **Останати трошоци на работењето** | 807,685.00 | 485,292.00 | 322,393.00 | 1.66 |
| вкупно: | **4,012,972.00** | **3,634,065.00** | **378,907.00** | **1.10** |

Во групата „останати трошоци на работење" евидентирани се трошоци на износ 4.012.972,00 денари. Минатата година трошоците изнесувале 3.634.065,00 денари, при што се забележува зголемување на трошоците за 378.907,00 денари.

Во групата спаѓаат следните трошоци: надоместоци за вработените- обуки и семинари 3.525,00 денари, надоместоци на органите на управување 970.485,00 денари, репрезентација 119.072,00 денари, осигурување 288.174,00 денари, банкарски провизии 220.360,00 денари, трошок за ДДВ 1.291.846,00 денари трошоци за користење на права односно, набавка на лиценци за работа на компјутери311.825,00 денари како и останати трошоци на работење-група во која евидентирани се трошоци во вкупен износ од 807.685,00 денари а во која спаѓаат:, членарини 8.910,00 денари и административни такси 6.165,00 денари; трошоците за правно-адвокатски-нотарски услуги 107.520,00 денари, услуги за ревизија на финансиски извештаи за 2020 година на износ 100.000,00 денари, договор на дело и преведувачки услуги 211.840,00 денари ,трошоци за огласување и претплата на весници и стручни списанија износ 202.889,00 денари и судски трошоци на износ 170.361,00 денари.

## *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 130.958,00 денари и истите се однесуваат на трошок за вредносно усогласување на побарувања 53.600,00 денари како и трошоци за одобренија по рекламации на износ од 77.358,00 денари.

## *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 1.282,00 денари кој отпаѓа на казнена камата .

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 30 ЈУНИ 2021 ГОДИНА

| **АКТИВА** | **2021 година** | **2020 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **1.ОСНОВНИ СРЕДСТВА** | 53.189.020,00 | 56.476.739,00 |
| **кл.00** | | |
| | | |
| **2.ЗАЛИХИ** | | |
| **кл.3** | 2.236.864,00 | 2.608.937,00 |
| | | |
| **3. ОБРТНИ СРЕДСТВА** | 49.216.213,00 | 42.987.459,00 |
| **кл.1** | | |
| | | |
| **4.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА** | 603.483,00 | 1.506.794,00 |
| **кл.1 гр.19** | | |
| **ВКУПНО АКТИВА:** | **105.245.580,00** | **103.579.929,00** |

| **ПАСИВА** | **2021 година** | **2020 година** |
|---|---|---|
| **1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ** | | |
| **Државен јавен капитал** | 153.052,00 | 153.052,00 |
| **Останат капитал** | 0,00 | 0,00 |
| | | |
| **2.Законски резерви** | 15.305,00 | 15.305,00 |
| | | |
| **3.АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА од претходни години** | 39.812.013,00 | 70.811.766,00 |
| | | |
| **4.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ДОБИВКА/ЗАГУБА за ВТОР квартал** | 11.155.473,00 | -13.502.453,00 |
| | | |
| **5. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | 43.278.821,00 | 32.693.080,00 |
| **кл.2** | | |
| **6.Одложени плаќање на приходи и расходи** | 10.830.916,00 | 13.409.179,00 |
| **ВКУПНО ПАСИВА:** | **105.245.580,00** | **103.579.929,00** |

## *ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 30.06.2021 ГОДИНА*

ЈП Градски Паркинг – Скопје заклучно 30.06.2021 година располага со основни средства чија сегашна вредност изнесува 53.189.020,00 денари вклучувајќи ги и основните средства евидентирани во подготовка кои сеуште не се ставени во функција.

Во текот на првите шест месеци од годината претпријатието инвестираше - набави нови средства ,опрема на износ од 6.008.090,00,00 денари. Се работи за набавка на машина за чистење на снег , систем за видео надзор за потребите на јавното паркиралиште Клинички центар- Мајка Тереза, набавена е заштитна челична мрежа за потребите на депото на Сектор пајак како и набавка на проект Зона Д за потребите на зонското паркирање.

## *ЗАЛИХИ*

Вредноста на залихите изнесува 2.236.864,00 денари.

Од нив, 1.015.779,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно се однесува на следните ставки: „ад блу“ течност за потребите на сектор пајак, лед цевки и лед светилки за осветлување, кружни четки за потребите на машините за чистење, канцелариски материјал и обрасци, чип и греб картички, рибони, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење.

Залиха на ситен инвентар 253.577,00 денари се состои претежно од залиха на блокатори за потребите на зонско паркирање, канцелариски мебел, батерии за мотороли, полначи за ПДА уреди, паркинг клешти, алат и слично.

ХТЗ опрема Претпријатието има на залиха во вредност од 427.524,00 денари и истата се состои од заштитни ракавици, летни пантолони, поло маици, одела за дожд, флуоросцентни елечиња, јакна, чевли итн.

На залиха имаме и автогуми чија вредност изнесува 539.984,00 денари.Се работи за залиха на гуми набавени за потребите на специјалните пајак возила.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 30.06.2021година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 34.077.645,00 денари.

Побарувањата од купувачите изнесуваат 12.427.504,00 денари. Нивна наплата се врши тековно во наредните пресметковни периоди.

Тужени побарувања има на износ 2.909.025,00 денари. Истите, во најголем износ проилегуваат од издадени доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012-та и 2013-та година се процесирани директно на нотар. Постапата за нивна наплата е во тек.

Евидентирани се и побарувања по основ платени аконтации за данок на добивка на износ 2.496.750,00 денари како и даноци и придонеси од плата на вработени на износ од 1.299,00 денари.

Побарувањата од вработените се на износ 163.342,00 денари и во најголем дел се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркинзи и паркомати, надминати телефонски лимити на службени телефони, исплатени надоместоци од плата и придонеси од плата, финансиски кусок од дневен промет , аванс за службени патувања.

Побарувања по основ на штети од осигурителна компанија бележиме износ од 9.816,00 денари .

Побарувања од кредитни- дебитни картички на износ 39.857,00 денари се всушност тековните побарувања од деловната банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

## *АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА*

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 603.483,00 денари кои ќе се реализираат во наредните периоди. Станува збор за трошоци од платени такси на нотари и извршители 453.286,00 денари, осигурување 22.388,00 а остатокот 127.809,00 отпаѓа на трошоци за службен пат, трошоци за чип картички , претплати за радиофрефенции, софтверски лиценци како и други трошоци за идни периоди .

## *ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.

По основ краткорочни обврски, претпријатието севкупно должи 43.278.821,00 денари. Од овој износ, 6.222.032,00 отпаѓа на обврски кон добавувачи,обврска за ДДВ за м.06 на износ 3.081.616,00 денари,обврска за надоместоци на членови на управен и надзорен одбор на износ 153.500,00, обврска за бруто плата на вработените за месец Јуни на износ 10.346.135,00 денари како и обврски кон физички лица на износ 60.990,00 ден. Овие, како и останатите тековни обврски, претпријатието навремено ги подмирува во наредниот пресметковен период.

Во групата на краткорочни обврски најголем дел отпаѓа на обврската за комунална такса кон Град Скопје која изнесува 23.414.548,00 денари.

## *ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

Износот на оваа категорија е 10.830.916,00 денари.

По основ извршени плаќања за услуга паркирање, а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период, бележиме износ од 1.724.354,00денари. Други одложени приходи по основ претплати имаме на износ 268.063,00 денари.

По основ субвенции и донации од основачот Град Скопје доделени во опрема и пари, наменски, за набавка на опрема, белжиме одложени приходи на износ 8.681.842,00 денари.

Износот од 156.657,00 денари се однесува на пресметани а неплатени услуги во нареден пресметковен период .Се работи за обврски за закуп по основ договорот за стопанисување со паркингот 8-ми Септември .

# ЗАКЛУЧОК

Во вториот квартал од годината односно периодот 01.01.2021-30.06.2021година претпријатието оствари позитивен финансиски резултат - Добивка на износ од 11.155.473,00 денари.

Работењето на претпријатието во изминатот период е успешно бидејќи забележуваме зголемување на оперативните приходи односно приходите од паркирање и приходите од подигање на непрописно паркирани возила но и како резултат на поддршката на основачот преку доделување на субвенциите за потешкотии во работењето кои претпријатието ги искористи за подмирување на дел од обврската за комунална такса .

Се внимава на висината на трошоците што се нужни во тековното работење со цел заштеда секаде каде процесот на работа дозволува. Исто така во претпријатието навремено се подмируваат сите тековни обврски како што се : обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси итн.

Доколку во наредниот период се стабилизираат целокупните услови на стопанисување очекуваме претпријатието да ги одржи и подобри резултатите од своето работење.

*ИЗРАБОТИЛ:*
Катерина Палитова

ЈП Градски Паркинг- Скопје
Директор,
М-р Борче Јакимовски